РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-745/
18-08-2025
r./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3013/1 од 22.11.2024 година, од чија содржина не произлегуваат јасни наводи кои упатуваат на конкретни незаконити дејствија на службени лица при вршење на јавните овластувања и службената должност, **СЕ ОТФРЛА,** ДКСК нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-3013/1 од 22.11.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 22.11.2024 година, поднесена е пријава, по која е оформен предмет број 12-3013/1 од 22.11.2024 година.

Во пријавата подносителот, без да опише конкретни настани, без да укаже на коруптивни дејствија и без да посочи инволвирани правни или физички лица, од ДКСК бара информација за начинот на кој може да се поднесе пријава за нелегално избран претседател на граѓанско здружение.

По разгледувањето на пријавата, ДКСК констатира дека во истата нема доволно податоци со кои би се конкретизирало пријавеното дејствие, и од подносителот побара дејствијата да ги образложи со изнесување на конкретни и јасни наводи и со приложување документација.

Имајќи предвид дека подносителот не достави дополнителни податоци, а со оглед дека од содржината на пријавата не произлегуваат јасни наводи кои упатуваат на конкретни незаконити дејствија на службени лица при вршење на јавните овластувања и службената должност, следуваше дека ДКСК нема елементи за надлежно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на одлуката и ја отфрли пријавата.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК